**20150952950**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 74 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/13, 41/14 и 115/14), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРЕМЕР НА НЕДВИЖНОСТИ

Член 1

Во Правилникот за премер на недвижности („Службен весник на Република Македонија “ број 121/13 и 169/13), во членот 5 по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4) кои гласат:

„(3) При премерот од ставот (1) на овој член се прибираат и податоци за година на градба, година на реконструкција и материјал на градба во функција на воспоставување на Регистарот на цени и закупнини, кои податоци ги пополнува носителот на правото на недвижноста, односно лицето кое може да се јави во својство на подносител на пријава за запишување, во Изјава со податоци за недвижноста.

(4) Формата и содржината на изјавата од ставот (3) на овој член е дадена во пролог број 18 кој е составен дел на овој правилник.“

Член 2

Во членот 18 став (3) по зборовите „земјиште под“ се додава зборот :„инфраструктурен“.

Член 3

По членот 18 се додава нов наслов и нов член 18-а кој гласи:

**„Земјиште под инфраструктурен објект**

Член 18-а

„Земјиштето под површинските инфраструктурни објекти се означува како земјиште под инфраструктурни објекти („зпио“).“

Член 4

Во член 19 став (5) по зборовите: „ Плодните земјишта“ се додаваат зборовите: „со исклучок на шумите кои се означуваат со ознаката (ш) и се испишуваат како „шуми“, “.

Во ставот (6) по зборовите: „Природни неплодни земјишта се“ се додава зборот „земјоделски“, а ознаката „пнз“ се заменува со ознаката „зз“.

Во ставот (7) по алинејата 4 се додава нова алинеја 5 која гласи:

„- земјиште под инфраструктурни објекти со „зпио“.

По ставот (9) се додаваат два нови става (10) и (11) кои гласат:

„(10) Околното земјиште, кај земјоделското земјиште на кое се наоѓаат згради/објекти кои стекнале правен статус во постапка согласно закон, ја задржува запишаната катастарска култура и класа, а во себе го опфаќа и земјиштето под зграда кое се означува како земјиште под зграда („зпз“) и земјиштето под објект кое се означува како земјиште под објект („зпо“).

(11) Околното земјиште, кај земјоделското земјиште на кое се наоѓаат оранжерии, помошни објекти или објекти за примарна обработка на земјоделски производи, ја задржува запишаната катастарска култура и класа, а во себе го опаќа и земјиштето под оранжерии - кое се означува какониви под оранжерии „н-о“, земјиштето под помошни објекти - кое се означува како ниви под помошни објекти „н-по“ и земјиштето под објекти за примарна обработка за земјоделски производи - кое се означува како ниви под објекти за примарна обработка на земјоделски производи „н-опозп“.“

Ставот (10) станува став (12).

Член 5

Во членот 23 во делот А-Домување: во алинејата 5 – времено сместување, шифрата А4-1 хотели, се брише.

Во делот Б- Комерцијални и деловни намени: алинејата 5 се менува и гласи:„ –хотели“.

Во алинејата 5 во шифрата Б5-1 хотелски комплекси., точката на крајот од шифрата се заменува со сврзникот „и“ и се додава нова шифра која гласи: „ Б5-2 хотели.“

Во делот Г-Производство, дистрибуција и сервиси: во алинејата 4 –стоваришта, шифрата „Г4 -6 други стоваришта“ се заменува со шифрата: „ Г4 -7 други стоваришта“.

Во делот Е- инфраструктура предмет на внатрешно премерување/отворена површина/волумен: во шифрата Е 18 резервоари, по бројот 18 се додава зборот :„подземни“.

Во шифрата Е19 силоси по бројот 19 се додава зборот: „подземни“.

Во шифрата Е23 телефонска централа/подцентрала, сврзникот „и“ се заменува со запирка.

Во шифрата Е24 други објекти од инфраструктурата, точката се заменува со запирка.

По шифрата Е24 други објекти од инфраструктурата, се додаваат седум нови шифри 25, 26, 27, 28, 29, 30 и 31 кои гласат:

„Е 25 надземни резервоари,
Е 26 надземни силоси,
Е27 базени за друга намена,
Е28 плоштади,
Е29 паркиралишта,
Е30 станици за технички преглед на возила и
Е 31 полигон за обука на возачи.“

Член 6

Во членот 24 став (1) точка 10 зборот „јавна“ се заменува со зборот: „приватна“ .

По точката 10 се додава нова точка 11 која гласи:

„Р-рибник, “.

Точките 11, 12 и 13 стануваат точки 12, 13 и 14.

Ставот (2) се менува и гласи:

„(2) За зградите и другите објекти кои немаат посебни делови на зграда и други објекти пропишани во став (1) од овој член не се пополнува податок за посебни делови на зграда и други објекти.

Член 7

Во членот 25 став (1) точката „Т-таван“ се брише.

Член 8

Во членот 29 по ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:

„(5) За објектите од ставовите (1), (2) и (4) од овој член не се определува катност.“

Член 9

Во членот 44 став (2) бројот „(2)“ се заменува со бројот „(1)“, точката на крајот од првата реченица се заменува со запирка, а зборовите „За водовите се прибираат“ се заменуваат со зборовите: „како и “.

Член 10

Во членот 83 по ставот (13) се додава нов став (14) кој гласи:

„(14) Формата и содржината на изјавата од членот 5 на овој правилник се дадени во прилог број 18, кој е составен дел на овој правилник.“

Член 11

Овој правилник влегува во сила петнаесеттиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а одредбите од членовите 2, 3, 4, 5 и 6 од овој правилник ќе се применуваат по создавањето на технички услови сврзани со надградба на електронскиот катастар.

Бр. 01-8675/1
3 јуни 2015 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Анета Јорданова**, с.р.